Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Технолошко-металуршки факултет - Скопје

02-1496/1
17-11-2021 год.
Скопје

Врз основа на член 162, 173 и 174 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.82/2018 и 178/2021), член 4 и 12 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018), и рецензијата објавена во Билтен бр.1243 од 15 август 2021 година, стр.59, Наставно-научниот совет на Технолошко- металуршки факултет-Скопје, на седница одржана на 17.11.2021 година ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

за избор во соработничко звање – асистент

**1.** Постапката за избор во соработничко звање за кандидатката м-р Марија Прошева, ставена во мирување со Одлука бр. 02-1085/1 од 1709.2021 година од Наставно-научниот совет на седница одржана на 15.09.2021 година, продолжува.

**2.** м-р Марија Прошева, се избира во соработничко звање: **асистент** на Технолошко-металуршки факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

**3.** м-р Марија Прошева, се избира во соработничко звање: асистент, во наставно-научните области: Органска хемија (10706), Полимерни материјали (21506) и Хемиско инженерство – друго (20907).

**4.** Изборот во соработничко звање се смета од 17.11.2021 година, кога именуваната ги стекнува сите права и обврски од работи и работни задачи на асистент на Технолошко-металуршки факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.

**5.** Изборот се врши за време од 3 години, со право на уште еден избор во истото звање, согласно одредбите од Законот за високото образование.

**6.** Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

Со Одлука од Наставно-научниот совет на седница одржана на 15.09.2021 година, постапката за избор во соработничко звање – асистент, за кандидатката м-р Марија Прошева, беше ставена во мирување, до завршување на изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје, распишани на 06.08.2021 година.

По завршување на изборниот процес, постапката за вработување на кандидатката м-р Марија Прошева се продолжи и Наставно-научниот совет врз основа на Извештајот од рецензентската комисија објавен во Билтен бр.1243 од 15 август 2021 година, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**в.д. Декан**

**Проф. д-р Благој Ризов**

Изработил: м-р Марко Стефановски